# Најди доктор на Интернет

**Лекар, здравствена установа, аптека во земјава и во Југоисточна Европа граѓаните отсега може да бараат на новоотворениот веб-сајт Хелтгрупер (www.najdidoktor.com).**

На овој интернет-сајт установите и лекарите може да си отвораат свои профили на кои, меѓу другото, ќе кажат што работат, каде се наоѓаат и како пациентите да стигнат до нив.

Корисниците, пак, бесплатно може да најдат лекари во местото во кое се наоѓаат, на одредена далечина што сами ќе ја изберат, во одредена држава, според специјалноста на лекарот или, пак, според симптомите што ги имаат.

Пациентите може да ги запишуваат искуствата со конкретни лекари, а и да даваат оценки за установите од кои побарале услуга. Исто така може да споредуваат лекари, по повеќе критериуми.

- Сајтот се чита на македонски, албански, српски, бугарски, англиски, унгарски и на словенечки, а наскоро сакаме да се чита и на германски, грчки, романски, хрватски. Таму не се прифаќаат реклами - вели Владимир Лазаревиќ, основач и директор на Хелтгрупер.

Тој објаснува дека сакаат да стигнат до фаза во која пациентите онлајн ќе си закажуваат здравствени прегледи.

На сајтот досега има регистрирано 2.000 лекари.

- Цели на Хелтгрупер се да го зголеми пристапот до квалитетни информации поврзани со обезбедувањето на здравствените услуги во регионот на Југоисточна Европа, да ги зголеми транспарентноста, соработката и комуникацијата помеѓу корисниците, докторите, стоматолозите и здравствените установи и да придонесе кон покачување на стандардите во обезбедувањето на здравствените услуги - вели Лазаревиќ.

Инаку, на овој сајт свои профили може да отворат и невработените лекари, па така да се понудат на пазарот на трудот.

Автор: Н.Б.З.

**Други вести**

- ИВЗ: верниците да не одат во објекти од „Скопје 2014“
- И без попис ќе се преброиме
- Владата ќе ја топи резервата од 1.600 рамковни вработени
- Турската армија повторно ја „опсипува“ АРМ со подароци
- ДИТМАР НИТАН:Нема смелост за решение на спорот за името
- Политиката не може да ја оспори науката
- Џафери: Нема паметни изјави за името
- Бесплатни фризури за заслужните наставници
- Железничките компании како рогови во врека
- АЕК објави повик за доделување фреквенции за 4Г
- Најчести се пациентите со проблеми во дишењето
- Винарницата „Стоби“ доби барик-одделение
- Подарок во плик или од список
- Тешко дека ЕУ ќе ни плати штета за грчките штрајкови

**Највести**

Читани | Коментирани | Оценувани

1. Кога придавката „македонски“ не смее да стои пред никаква именка
2. ИВЗ: верниците да не одат во објекти од „Скопје 2014“
3. И без попис ќе се преброиме
4. Ниту катна гаража, ниту хелиодром во Аеродром
5. Улицата 29 Ноември стана еднонасочна
6. Политиката не може да ја оспори науката

**Коментари и дебати**

Радмила Заревска
**Фенг шуи во темелите**



Претставниците на различните конфесии понекогаш изгледаат